

# ЖИВОЈИН ЃОКИЌ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

САМОСТОЈНА ИЗМОЖБА НА

# ЖИВОЈИН ЃОКИЌ

СЛИКАР ОД СВЕТОЗАРЕВО

25 - IV — 10-V- 1980

Куманово



ЖИВОЈИН ЃОКИЌ

Роден е 1940 година во Рибар кај Светозарево. Завршил Академија за Применета уметност — графички отсек во Белград 1968 година. Работи како Професор по ликовно воспитување на Педагошката академија во Светозарево. Член е на КЛУС од 1961, УЛУПУДС од 1975 и УЛУС од 1976 година.


адреса:

ул. Милан Мијахловиќ 12

Светозареов тел. 035 25-729


САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

Во СВЕТОЗАРЕВО: 1959, 1960, 1961, 1963, 1965, 1972, 1974, 1975, 1976 и 1979. КРАГУЕВАЦ; 1975. РЕСАВИЦА; 1961. ПАРАКИН; 1961. РИБАЕР; 1974 и 1978. НИШ; 1974 и БЕЛГРАД; 1975, 1976 и 1978.

КОЛЕКТИВНИ ИЗЛОЖБИ:

Во СВЕТОЗАРЕВО; 1961, 1962, 1965, 1969, 1970, 1971, 1973, 1974, 1975, 1976 и 1978, НИШ; 1962, БЕЛГРАД 1967, 1976, 1978 и 1979. СОМБОР; 1968, 1969 и 1972. НО БЕЛГРАД; 1975. КУМАНОВО
СОМБОР; 1968, 1969 и 1972. НО БЕЛГРАД; 1975. КУМАНОВО;
1976 и 1979. СЛОВЕНСКА БИСТРИЦА; 1976. РЕКОВАЦ; 1977. КРАГУЈЕВАЦ; 1978. ЗЕМУН; 1978. ВРАЊЕ; 1979 и ВУКОВАР; 1980.

НАГРАДИ:

1969 III награда на КЛУС, 1972 II награда на КЛУС 1976 I награда на КЛУС — во Светозарево, 1972 ОТКУПНА НАГРАДА во Сомбор

# К А Т А Л О Г

1. ЗБЕГ масло 140 x 110
2. СТРАШЕН СУД масло 140 x 110
3. ПРВ ГРЕВ масло 140 x 110
4. АВАНТУРАТА НА ОДИСЕЈ масло 140 x 110
5. КАМЕН ПРЕДЕЛ масло 140 x 110
6. ВО КАЊОН масло 110 x 90
7. МАЈЧИНСТВО масло 110 x 90
8. ПРЕДЕЛ масло 110 x 90
9. ОДМОР НА ПРОГОНЕТИТЕ масло 110 x 90
10. НА ЗАЈДИСОНЦЕ масло 95 x 75
11. ОДИСЕЈ И БОГИњАТА НА МОРЕТО масло 95 x 75
12. ИСЧЕКУВАЊЕ масло 95 x 75
13. ОДМОР масло 90 x 70
14. РАЗМИСЛУВАЊА масло 90 x 70
15. КАДЕ ПОНАТАМУ масло 90 x 70
16. СИ ИГРАЛЕ ВРАНИ КОЊИ масло 90 x 70
17. РАЃАЊЕ масло 90 x 70
18. ЖЕНА НА БРЕГ масло 85 x 70
19. КОСОВСКИ БОЈ масло 85 x 70
20. СИНИ БРЕГ масло 80 x 70
21. ЖЕНА И ИГРА масло 85 x 70
22. ЖЕНА НА БРЕГ масло 75 x 65
23. ОДМОР И РАЗМИСЛУВАЊЕ масло 74 x 65
24. НЕМИРЕН КОЊ масло 80 x 60
25. ИГРА НА ВРАНЕЦ масло 75 x 65
26. ВО МАЈЧИНА ПРЕГРАТКА масло 75 x 65
27. НИМФИ масло 75 x 65
28. СОБИР НА ПРОГРЕСИВНИ масло 80 x 60
29. ТРИ ЖЕНИ масло 40 x 52
30. ГОРДОСТ И СТРАДАЊЕ масло 55 x 70
31. НА КРИЛАТА ОД ПОБЕДАТА масло 60 x 80
32. СЕМЕЕН СОБИР масло 45 x 40
33. ОДМОР НА СЕМЕЈСТВО масло 45 x 60
34. ОСАМЕНИ ЖЕНИ масло 35 x 50
35. НА ИЗВОР масло 50 x 65

*ЖИВОЈИН ЃОКИК се вбројува во редот на младата генерација сликари од Светозарево, кој своето школување го заврши на Академијата за применета уметност во Белград во 1968 година. Неговата ангажираност во сликарството е присутна уште порано претставувајќи се на девет самостојни изложби пред да ја заврши Академијата.*

*Организирањето на 24 самостојни изложби и учеството на над 35 колективни изложби го потврдуваат ЖИВОЈИН ЃОКИК како извонредно упорен и вреден творец. Неговиот талент му овозможи да биде истраен во истражувањето на мотиви, сликајќи предели, замислени простори со асоцијативен однос и своја симболика.*

*Во потрага за мотивот тој се инспирира од подземното богатство во јамите и тоа од волшебните накити на сталактитите и сталагнитите. Тие претставуваат неисцрпна можност во играта во фантазијата на еден творец — што за Ѓокиќ беше појдовна точка во развивање на идејата. Отука настанаа повеќе платна (цел циклус) со имагинарни сликарски решенија кои во почетокот носеа натуралистички израз. Подоцна со мајсторската трансформација на елементите тој создава еден нов ликовен свет надградувајќи го својот израз и богатството на палетата.*

*Неговите фигури во последните искажувања на платното се наоѓаат во просторот, обвиени со посебна светлост и обогатени со повеќе боја. Ѓокиќ се афирмира како сликар и неговиот интерес се развива во правец на необично третирање на мотивот, со дифузно осветлување кое владее на тие скаменети елементи од подземниот свет. Всушност тој дава една недоживеана атмосфера на еден чуден — затворен простор, исполнет скулптурално, со визуелно издолжени форми, кои растат — никнуваат од повеќе места а продолжувајќи се преплетуваат создавајќи динамични ритми за да завршат во повторно разделување во сликаните површини од каде и никнале.*

*Делава што Ѓокиќ ни ги презентира во Уметничката галерија во Куманово даваат јасен преглед во опусот на неговото творештво потврдувајќи го како зрел и сериозен сликар т.е. даваат прегледност на резултатот од досегашното творештво. Тоа се развива надвор од експериментите, Промените што настануваат се присутни и остануваат во рамките на оние вредности што авторот веќе ги има изградено, односно во рамките на личниот однос спрема феноменот слика и организацијата на ликовните елементи каде го нашол сопствениот израз.*

*Тане — Гарски*